Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр.5/2002), а во врска со член 16 став (1) и член 17 став (1) и (2) од Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.10/2020) и член 40, член 40-а и член 40-б од Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.12/2020), Градоначалникот на Општина Кочани на ден 25.09.2024 година донесе

ОДЛУКА
за отпочнување на постапка за формирање на Локален младински совет на општина Кочани

Член 1

Да се отпочне постапка за формирање на Локален младински совет на Општина Кочани.

Член 2

Да се објави Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор кој ќе учествува во процесот на конституирање на локално собрание за млади на Општина Кочани.
Иницијативниот одбор се формира само за одржување на конститутивното локално собрание за млади и неговата функција завршува со првото свикување на локалното собрание на млади. Во Иницијативниот одбор можат да членуваат претставници од следните форми на организирање и здружување: младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување, кои не мора да бидат регистрирани во општината, но мора да имаат активности на територијата на општина Кочани.

Јавниот повик од ставот 1 на овој член да се објави на огласна табла на Општина Кочани и на веб страната на Општина Кочани https://kocani.gov.mk/ и да трае најмалку 7 (седум) дена.

Во јавниот повик да се дефинират условите за поднесување на пријавите за номинација на претставници од формите на организирање и здружување на младите за членови во Иницијативниот одбор, начин, рок и место за поднесување и потребните документи, во согласност со Статутот на Општина Кочани и Законот за младинско учество и младински политики.

Член 3

Постапката за формирање на Иницијативниот одбор, да ја спроведе Комисија избрана од редот на вработените од општинската администрација во следниот состав:

- Претседател Голубина Георгиева,
- Член Љубинка Спанчевска и
- Член Славица Давиткова.

Член 4

Комисијата од членот 3 на оваа Одлука има задача:

- да објави Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор кој ќе учествува во процесот на конституирање на локалното собрание за млади,
- да води записник за преземените активности,
- да врши стручно административни работи и ја спроведе понатамошната постапка се до формирањето на Локалниот младински совет на Општина Кочани.

Член 5

Иницијативниот одборво соработка со Општината го распишува повикот за конституирање на локално собрание за млади на Општина Кочани во согласност со Статутот на Општина Кочани, Законот за младинско учество и младински политики, по принципот на транспарентност и јавност.

Во Собранието на млади можат да членуваат претставници од: младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување, кои не мора да бидат регистрирани во општината, но мора да имаат активности на територијата на општина Кочани.

Формите на организирање и здружување номинираат делегат и заменик делегат кои се жители на општина Кочани на возраста од 15 до 29 години.

Член 6

Собранието на млади на веб страницата на Општина Кочани објавува јавен повик за избор на членови за локалниот младински совет.

Бројот на членови на локалниот младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општина Кочани и изнесува 5 (пет) лица со мандат од две години со право на уште еден избор.

Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

Членовите на локалните младински совети се верификуваат од страна на Советот на Општина Кочани по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на Општина Кочани.

Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик - претседател.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Согласно член 16 став (1) став (4) и став (5) од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020):

„(1) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје со статут предвидуваат формирање на локални младински совети.

(4) Бројот на членови на локалните младински совети е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје но не може да биде помалку од пет лица.

(5) Членовите на локалните младински совети имаат мандат од две години со право на уште еден избор.“

Согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики:

„(1) За конституирање на локалното собрание за млади се свикува иницијативен одбор, составен од формите наведени во ставот (4) на овој член.

(2) Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивното локално собрание за млади во согласност со Статутот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје по принципот на транспарентност и јавност.

(3) Иницијативниот одбор од ставот (2) на овој член се формира само за одржување на конститутивното локално собрание за млади.

(4) Во Собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

(5) Формите на организирање и здружување од ставот (4) на овој член не мора да бидат регистрирани во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, но мора да имаат активности на територијата на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во чие што Собрание членуваат.

(6) Формите на организирање кои членуваат во годишното собрание за млади номинираат делегат и заменик - делегат.

(7) Делегатот и заменик - делегатот од ставот (6) на овој член се жители на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје на возраст од 15 до 29 години."

Согласно член 18 од Законот за младинско учество и младински политики:

„(1) Собранието на млади објавува јавен повик за членови за локалниот младински совет.

(2) Јавниот повик се објавува на веб - страницата на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(3) Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

(4) За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

(5) Членовите на локалните младински совети општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се верификуваат од страна на Советот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(6) Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик - претседател."

Постапката за формирање на локален младински совет е утврдена во член 40 од Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.12/2020), со член 40-а се пропишува начинот на конституирање на Локално собрание за млади, а со член 40-б е утврдена постапката за избор на членови на локален младински совет.

Во согласност со одредбите од Законот за младинско учество и младински политики и согласно член 40, член 40-а и член 40-б од Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.12/2020) заради преземање на дејствија за формирање на локален младински совет на Општина Кочани се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Бр. 03-1459/1
25.09.2024 година
Кочани

Градоначалник на Општина Кочани
Љупчо Папазов

Изработил: С.Давиткова
Контролирал: Г.Георгиева
Согласен: А.Кралева
Одобрил: Д.Ананиев